III ИСПИТ

1. СТРУКТУРА НА ИСПИТОТ

Специјалистичкиот испит е составен од два дела:

1.1. теоретски дел
1.2. практичен дел

1.1. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1.1.1. Писмен испит (тест за проверка на знаење и постапно решавање на пробелми)

1.1.2. Устен испит (секој член од комисијата му поставува на кандидатот по едно теоретско прашање)

1.2. ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

1.2.1. Претставување на здравствените картони на своите пациенти

1.2.2. Проверка на некои практични вештини на кандидатот

1.1.1. ПИСМЕН ИСПИТ

Прашањата од писмениот дел се наменети за евалуација на знаењето релевантно за специјалистот по семејна медицина. Прашањата се од областа на семејната медицина и останатите клинички области со кои семејниот доктор се среќава во својата работа (интерна медицина, хирургија, ортопедија, инфективни болести, онкологија, оториноларингологија, офталмологија, дерматологија, социјална медицина и други не медицински струки).

Писмениот испит има два дела:

- Првиот дел се состои од 120 прашања и по 5 понудени одговори за секое прашање од кои кандидатот го избира најверојатниот точен одговор (MCQ – “multiple choice questions”)
- Вториот дел се состои од 2 групи прашања во смисол на постапно решавање на некој проблем при што кандидатот самостојно ги пишува соодветните одговори (MEQ – “multiple essay questions”)

1.1.2. УСТЕН ДЕЛ

Теоретските прашања на членовите од комисијата се насочени кон евалуација на способноста на кандидатот за решавање на проблемите со кои се среќава во својата ординација по семејна медицина. Секој од 3-те члена на испитната комисија поставува по едно прашање.

1.2.1. ПРИКАЗ НА ПАЦИЕНТИ ОД ПРАКСА

Кандидатот однапред подготвува 5 здравствени картони од свои пациенти на начин да не е возможна идентификација на пациентите (името, датумот на раѓање...)

Реферирањето на картоните треба да ги содржи следните податоци:

- Професија и место на работа
- Податоци за семејството
- Тегобите на пациентот

- Медикаменти кои пациентот редовно ги користи
- Направени испитувања
- Издадени упати
- Ризик фактори за хронични болести
- Мислење за работоспособност
- Водење на неговите хронични болести
- Информација за вакцинација против тетанус

Кандидатот треба да избере здравствени картони од различни пациенти кои припаѓаат на следните групи:
- Дијагностика и терапија на пациент со акутна болест или животнозагрозувачка болест
- Водење на пациент во домашни услови
- Дијагностика и водење на пациент со хронична болест
- Пациент во процедура за оценка на неговата работоспособност –ИПК, промена на работно место или скратено работно време
- Пациент по избор на кандидатот

Комисијата од понудените картони избира 2 или 3 и во разговор со кандидатот проверува колку успешно биле водени.

1.2.2. ПРОВЕРКА НА ПРАКТИЧНИТЕ ВЕШТИНИ

Проверката на практичните вештини кои се потребни за работата на специјалистите по семејна медицина се прави во т.н. “станици“ (OSCE – “objective structured clinical examination”). Во секој испитен рок, членовите на испитните комисиии проверуваат 12-15 практични вештини (12-15 OSCE станици). Кандидатот треба да докаже дека има вештина на пример за:

1. препишување на лекови
2. поставување на ИВ линија
3. мерење на крвен притисок
4. одредување на гликемија со глукометар
5. толкување на лабораториски резултати
6. преглед на урина со ливче за тестирање
7. ректален преглед на модел
8. преглед на дојка на модел
9. оживување
10. .....

2. ТЕК НА ИСПИТОТ

Прв ден
08.30 - 10.10 Писмен испит
10.30 - 12.00 Проверка на практични вештини
12.00 – 12.30 Степенско решавање на проблемите
Секој дел од испитот е елиминаторен, доколку не се положи се губи право за продолжување на испитот.

Втор ден
Устниот испит и приказот на пациентите од пракса се полага наредниот ден (кандидатите однапред имаат распоред – време и испитна комисија-) и трае 60-90 минути.

3. КРАЈНА ОЦЕНКА

По испитот членовите на комисијата донесуваат одлука дали кандидатот го “положил“ или “ не го положил“ испитот, а во случај кандидатот да покаже извонреден успех, на оценката се додава “cum laude“.
За да го положи испитот, кандидатот мора да биде успешен во секој дел од испитот: писмен испит, проверка на практични вештини, степенско решавање на проблемите, приказ на пациентите од пракс и теоретско решавање на проблемите и пред и се оценката од неговиот ментор. Резултатот од специјалистичкиот испит на кандидатот му се соопштува устно, а подоцна писмено.